Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за управување со човечки ресурси-

-Sektori për Menaxhim me Resurse Njerëzore-

**Архивски број:** 04 - 2162/2
**Датум:** 26 -02- 2026

Врз основа на член 11 и член 45 став (1) и (2) од Законот за административните службеници ("Сл. весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и "Службен весник на РСМ" број 275/2019, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/2024) и Предлогот за вработување на кандидатот по Јавен оглас број 21/2026 од Агенцијата за администрација, Државниот секретар на Министерство за социјална политика, демографија и млади донесе

## О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас во Министерство за социјална политика, демографија и млади

1. Весна Дамјаноска, се избира од предложената ранг листа на кандидати по јавниот оглас за вработување на административен службеник во Министерство за социјална политика, демографија и млади, за работното место Советник-сметководител, Одделение за сметководство и плаќање, Сектор за финансиски прашања со шифра на работно место УПР0101В01000.
2. Именуваната ќе заснова работен однос во Министерство за социјална политика, демографија и млади на работното место од точка 1 од ова решение по конечноста на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, Агенцијата за администрација по барање на Министерство за социјална политика, демографија и млади на ден 13.01.2026 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници "Вечер", "Слободен печат" и "Коха", објави јавен оглас број 21/2026 за пополнување на работното место Советник-сметководител, Одделение за сметководство и плаќање, Сектор за финансиски прашања.

Агенцијата за администрација со Решение формираше Комисија за селекција на вработување по јавен оглас бр.21/2026. По завршување на сите три фази од постапката за селекција на кандидатите, Агенцијата за администрација достави до Министерството за социјална политика, демографија и млади, Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

на кандидати со најголем број на освоени бодови за работното место под број 1 од јавниот оглас бр. 21/2026 година, со број 10-201/8 од 25.02.2026 година.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидати со најголем број на освоени бодови по објавениот оглас број 21/2026 година, со број 10-201/8 од 25.02.2026 година, Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади за работното место Советник-сметководител, Одделение за сметководство и плаќање, Сектор за финансиски прашања со шифра на работно место УПР0101В01000 го избира кандидатот Весна Дамјаноска.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Државен секретар
Fatmir Sabriu

Изработил: Е.Печинска
Одобрил: А.К.Ангеловска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e ...
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk